**УГОТУР А.Д.-Скопје**

**за организирана исхрана,угостителство и туризам**
**агенциско работење и трговија**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО
# ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.-31.12.2017Г.

**Јануари 2018г.**

Во деловната 2017г., Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

## I.Обем на работа

| Вид на услуга | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| -организирана исхрана(во порции) | 261398 | 222226 | 85,01 |
| -организирана исхрана во кантина(во ден.) | 281730 | 465294 | 165,15 |
| -деловни ручеци и коктели(во ден.) | 209193 | 59610 | 28,49 |
| -др.приходи(закуп на делов. простор,продажба на возило и опрема -во ден.) | 1390116 | 3007098 | 216,31 |

### Преглед на обем на производството
### (оброци за организирана исхрана)
### 2016 г. и 2017 г.

| Месеци | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | 14746 | 24359 | 165,19 |
| **Февруари** | 12874 | 25764 | 200,12 |
| **Март** | 16282 | 33530 | 205,93 |
| **Април** | 19074 | 25918 | 135,88 |
| **Мај** | 17114 | 33932 | 198,27 |
| **Јуни** | 25324 | 19314 | 76,26 |
| **Јули** | 25073 | 11173 | 44,56 |
| **Август** | 16997 | 5923 | 34,84 |
| **Септември** | 28283 | 10405 | 36,78 |
| **Октомври** | 29833 | 10110 | 33,88 |
| **Ноември** | 27868 | 11561 | 41,48 |
| **Декември** | 27930 | 10237 | 36,65 |
| **Вкупно** | **261398** | **222226** | |

-Во делог на организирана исхрана во деловната 2017г. имаме намалување на обемот на производство споредено со 2016г. за околу 39000 оброци. Причина за ваквата состојба е раскинување на договор за соработка со Макстил АД Скопје заклучно со 30.06.2017г. Истиот беше најголем корисник на наши услуги од типот организрана исхрана.

## II.Финансов ефект

изностите се во денари

| Позиција | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| -вкупни приходи | 27518696 | 23782953 | 86,42 |
| -вкупни расходи | 26180352 | 22294753 | 85,15 |
| **Остварена бруто добивка(загуба) за финансиска година пред оданочување** | +1338344 | +1488200 | 1,12 |
| **Данок од добивка** | - | 154693 | - |
| **Нето добивка за делов.година** | - | +1333507 | - |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

## 1.Приходи

| Позиција | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| -приходи од основна дејност | 24652053 | 19692470 | 79,88 |
| -приходи од давање услуги | 1320000 | 693000 | 52,5 |
| -приходи од закупнини | 1311896 | 923565 | 70,39 |
| -приходи од продажба на возило | 78220 | 193725 | 247,66 |
| -приходи од продаж.на опрема | - | 1392239 | - |
| -приходи по судско | 1443 | - | - |
| -приходи од камати | - | 230463 | - |
| -приходи од рефактур. на струја,вода и ком.услуги | - | 279330 | - |
| -останати приходи | 155084 | 378161 | 243,84 |
| **Вкупно** | **27518696** | **23782953** | |

## 2.Расходи

| Позиција | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| -потрошени суровини и матер. | 12196151 | 10067155 | 82,54 |
| -трошоци за вработените | 9483930 | 7662377 | 80,79 |
| -трошоци за технолошки вишок | 81616 | 280738 | 343,97 |
| -трош.за замин.во пензија | - | 45876 | - |
| -трош.за достава на храна | 270778 | 840814 | 310,51 |
| -трошоци за превоз | 198992 | 155192 | 77,98 |
| -трошоци за топол оброк | 563200 | 346877 | 61,59 |
| -трошоци за регрес | 286915 | 254875 | 88,83 |
| -трош.за член на одбор на дир. | 232232 | - | - |
| -трошоци за вода | 95672 | 115263 | 120,47 |
| -трошоци за комун.услуги | 186192 | 178256 | 95,73 |
| -трошоци за ел.енергија | 437824 | 551323 | 125,92 |
| -трошоци за нафта | 170407 | 8610 | 5,05 |
| -трошоци за бензин | 61773 | 6521 | 10,55 |
| -трошоци за плин | 16898 | 15795 | 93,47 |
| -трош.за ПТТ услуги | 128986 | 75444 | 58,49 |
| -трошоци за интернет | 9350 | 650 | 6,95 |
| -тр.за одрж.на веб сајт и фис. каси | 8020 | 847 | 10,56 |
| -трошоци за ревизија | 178642 | 92542 | 51,80 |
| -трошоци за котација на берза | 75000 | 75000 | 100 |
| -тро.за централен депозитар | 48000 | 63300 | 131,87 |
| -трошоци за нотарски услуги | 27152 | 50653 | 186,55 |
| -трош. за одржув. софтвер | 101970 | 126510 | 124,06 |
| -трош. за тековно одржување | 65934 | 81559 | 123,69 |
| -трош.за поправка на возила | 30301 | 480 | 1,58 |
| -трош.за канцелар.материјал | 48596 | 52435 | 107,89 |
| -трош.за регистр. на возила | 8844 | 9116 | 103,07 |
| -трош.за здравствени услуги | 49750 | 34200 | 68,74 |
| -трошоци за кало,растур,крш | 124761 | 88493 | 70,93 |
| -трошоци за данок на имот | - | 146667 | - |
| -трошоци за амортизација | 609604 | 607368 | 99,63 |
| -трошоци за ситен инвентар | 60556 | 8261 | 13,64 |
| -трош.за репрезентација | 167388 | 43026 | 25,70 |
| -трошоци од камати | - | 20004 | - |
| -набавна вред.на продадена стока | - | 34943 | - |
| -останати трошоци од работ. | 154888 | 153583 | 75,34 |
| **Вкупно** | **26180352** | **22294753** | |

Во период од 01.07. до 31.12.2017г. откако Макстил АД го раскина договорот за соработка се соочивме со сериозни проблеми во работењето.
Стапивме во преговори со повеќе фирми за користење на наши услуги, а тоа се: Железарија Јоле, Торакс, Тиквеш Винарија, Електроелемент, Мак аутостар, Алекс пром, Ван Хол, Техничка контрола, Факом, Фруктал, Раде Кончар, Комунална Хигиена, Адора како и сите приватни градинки во Скопје, но не постигнавме договори.
Како главен проблем за изнаоѓање дополнителна работа претставува воведувањето на бруто плата.
Со фирмите Елем-Енергетика (во кругот на Железара), Бањани АД и Фејдом сеуште сме во преговори.
Се обидуваме да организираме кетеринг услуги во игротеки, роденденски прослави и сл. Како новина во работењето нудиме ладни сендвичи во кругот на Железара од што очекуваме благо зголемување на производството.
Со новонастаната состојба во 2017г. во однос на намалувањето на обемот на производството превземени се мерки за намалување на трошоците во секој дел од работењето, а како позначајни се: намален бројот на вработени од вкупно 26 на 16 вработени, ги преиспитавме сите нормативи за подготовка на оброци и таму каде имаше забелешки се извршија корекции, воедно превземавме мерки за штедење и домаќинско работење се со цел намалување на трошоците.
Се заврши постапката за поделба на електричното напојување со што очекуваме намалување на трошоците за електрична енергија.
Излез од тешката состојба во која се наоѓа друштвото е изнаоѓање дополнителна работа за околу 300-350 оброци дневно.
Како проблем со кој се соочуваме е неможноста за зголемување на продажната цена на оброкот.
Во меѓувреме цените на суровините и материјалите кои ги користиме за подготовка на оброците бележат зголемување.
Се ангажираме да ја продолжиме соработката со корисниците на наши услуги, а воедно се превземаат мерки во однос на подобрување на квалитетот и квантитетот на нашите услуги за организирана исхрана строго придржувајќи се по предвидените и пропишани нормативи.
Во деловната 2017г. имаме вложување во хартии од вредност расположливи за продажба, истите се класирани во биланс на состојба во рамките на долгорочни финансиски средства. Почетните вложувања се евидентирани по набавна вредност, вклучувајќи ги сите трансакциски трошоци.
Во моментот на продажба на вложувањата на харии од вредност расположливи за продажба акумулираниот износ во капиталот што произлегува од промената на вредноста, се евидентира во билансот на успех.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Управувањето во Уготур АД-Скопје е организирано според едностепен систем на управување,Одбор на директори составен од 3 члена.

## НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во текот на 2017 година извршниот директор во Уготур А.Д.Скопје Бојана Анѓелеска по основ на плати и надоместоци од плати има остварено нето износ од 465.171,00ден. и по основ на регрес 9.175,00 ден.

Неизвршниот член на Одборот на директори Александар Илијевски освен плата во друштвото во кое е вработен и регрес примил и месечен надомест за членство во органи на упраување на друштва во висина од 5000 денари месечен нето износ.

Неизвршниот независен член на Одборот на директори Марина Симоноски по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во друштвото во кое што е вработена.

Деловната 2017г. друштвото ја заврши со добивка пред оданочување 1.488.200,00 ден., по оданочување 1.333.507,00 ден.и добивка за деловната година 1.266.832,00 ден.
Доколку се остварат планираните активности за деловната 2018г.можно е постабилно работење и подобрување на финансискиот ефект.

**Извршен директор**

**/Бојана Анѓелеска/**